„Дадени ми се пет работи кои не му биле дадени никому пред мене

Џабир бин Абдулах, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дадени ми се пет работи кои не му биле дадени никому пред мене: помогнат сум со стравот што го чувствуваат непријателите на растојание од едномесечно патување; целата површина на Земјата е место за молитва и средство за чистење и каде и да го стигне почетокот на молитвата било кој поединец од мојот умет, нека се моли таму; дозволен ми е воениот плен кој не му е дозволен на ниеден пред мене, дозволен ми е шефаат-посредување (на Судниот ден), веровесниците се испратени само на својот народ, додека јас сум испратен на целото човештво.“

[صحيح] [متفق عليه]

Нè извести Аллаховиот пратеник, алејхи селам, дека Аллах му дал пет работи кои не им ги дал на останатите веровесници пред него, а тие се: Прво: помогнат сум со страв кој е уфрлен во срцата на моите непријатели, иако помеѓу мене и нив има раздалеченост од еден месец патување. Второ: Земјата ни е дадена како место за намаз, ќе клањаме каде што ќе се наоѓаме, и исто така со неа се чистиме кога не можеме да најдеме вода. Трето: дозволен ни е воениот плен, а тоа е оној што муслиманите го запленуваат во војната со неверниците. Четврто: даден ми е големиот шефаат, со кој ќе им олесни на луѓето од тешкотијата на исчекувањето на Судниот ден. Петто: испратен сум до сите суштества – луѓето и џините, за разлика од претходните веровесници кои беа испратени само до нивниот народ.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3503